РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

# ПРЕДЛОГ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ ЗА 2014 ГОДИНА

Димитрие Чуповски бр 13 1000 Скопје

**Содржина**


ВОВЕД ..... 5

АКТИВНОСТИ НА СТРУЧНИТЕ СЛУЖБИ..... 7

РЕГУЛАТОРНАТА РАМКА ..... 7

ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И УСЛУГИ, УПРАВУВАЊЕ СО НУМЕРАЦИСКИ РЕСУРСИ ..... 10

УНИВЕРЗАЛНА УСЛУГА ..... 12

ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ИЗГРАДБА НА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И ПРИДРУЖНИ СРЕДСТВА..... 13

ИЗДАВАЊЕ НА МИСЛЕЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И ПРИДРУЖНИ СРЕДСТВА..... 13

АНАЛИЗА НА ПАЗАРОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ И РЕГУЛАЦИЈА НА ЦЕНИ ..... 13

УПРАВУВАЊЕ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИСКИОТ СПЕКТАР ..... 15

КОНТРОЛА И МОНИТОРИНГ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИ ..... 18

ГРИЖА ЗА КОРИСНИЦИ И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ..... 22

СОРАБОТКА СО ДРУГИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ТЕЛА ..... 24

ТРАНСПАРЕНТНОСТ..... 24

ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА АГЕНЦИЈАТА ..... 25

е-Агенција..... 25

opendata.aek.mk..... 25

Споредба на тарифи ..... 25

Инфраструктурни инвестиции ..... 26

ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ..... 27

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА..... 29

ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ..... 31

ЗАКЛУЧОК ..... 32

Предлог на годишен финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2014 година ..... 34

ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ..... 34

РАСХОДНА СТАВКА 400 – ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ..... 34

РАСХОДНА СТАВКА 401- ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА ..... 35

РАСХОДНА СТАВКА 403- ДРУГИ УСЛУГИ ( КОМУНАЛНИ УСЛУГИ И КОМУНИКАЦИЈА) ..... 35

РАСХОДНА СТАВКА 404 – ПРЕВОЗНИ – ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ ..... 35

РАСХОДНА СТАВКА 405 - ИЗДАТОЦИ ЗА РЕКЛАМА, ПРОПАГАНДА И РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА ..... 36
РАСХОДНА СТАВКА 408 - НАЕМНИНА ..... 36
РАСХОДНА СТАВКА 409 - ДРУГИ МАТЕРИЈАЛНИ УСЛУГИ ..... 36
РАСХОДНА СТАВКА 410 – ПРОВИЗИЈА ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ ..... 36
РАСХОДНА СТАВКА 412 – ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ..... 36
РАСХОДНА СТАВКА 413 – ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА и патни трошоци ..... 37
РАСХОДНА СТАВКА 414 – НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИ НА РАБОТНИЦИ И ГРАЃАНИ ..... 37
РАСХОДНА СТАВКА 415 – НЕГАТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ ..... 37
РАСХОДНА СТАВКА 416 – ЧЛЕНАРИНИ ..... 37
РАСХОДНА СТАВКА 417 – ИНТЕЛЕКТУАЛНИ И ДРУГИ УСЛУГИ ..... 38
РАСХОДНА СТАВКА 418 – ОСТАНАТИ ДРУГИ РАСХОДИ ..... 38
РАСХОДНА СТАВКА 430 – ПРЕНЕСЕНИ СРЕДСТВА НА ДРУГИ СУБЈЕКТИ ..... 38
РАСХОДНА СТАВКА 440 – КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ..... 38
РАСХОДНА СТАВКА 441 – ОПРЕМА ..... 39
РАСХОДНА СТАВКА 455 – ПОМОШТИ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ ..... 39
РАСХОДНА СТАВКА 460 - ВКАЛКУЛИРАНИ ПЛАТИ ..... 39
РАСХОДНА СТАВКА 470 - ДАНОЦИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ ..... 39
ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ..... 40
Прилози ..... 41

# ПРЕДЛОГ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ ЗА 2014 ГОДИНА

## ВОВЕД

Активностите на Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошниот текст АЕК) произлегуваат од нејзините надлежности утврдени во Законот за електронските комуникации и прописите донесени врз основа на него, како и меѓународните договори од областа на електронските комуникации што ги склучила или на кои им пристапила Република Македонија.

Агенцијата за електронски комуникации е надлежна за регулирање на пазарот за електронски комуникации во Република Македонија. На АЕК и е доверено управувањето и надзорот на радиофреквентниот спектар како природно ограничен ресурс кој е од интерес за Република Македонија и заштита на потрошувачите на пазарот кој го регулира.

Постојната регулативна рамка за електронските комуникации во Република Македонија се базира на регулативната рамка на Европската унија од 2003 година. Во следниот период очекуваме усогласување на Законот за електронски комуникации со регулативната рамка на Европската унија од 2009 година во првиот квартал на 2014 година, што значи зголемен обем на работа во областа на усогласување на подзаконските акти за кои е одговорна АЕК. Работата на АЕК е целосно усогласена со релевантната правна рамка на Европската унија со цел да може комплетно и независно да ја извршува својата функција.

Според Законот за просторно и урбанистичко планирање АЕК исто така има активности во однос на издавање на согласност за изградба на електронски комуникациски мрежи и системи и издавање на мислење за изградба на електронски комуникациски мрежи и системи.

АЕК во својата работа, заради унапредување и развој на пазарот на електронските комуникации во Република Македонија, ги има предвид препораките на Европската Комисија и најдобрите светски практики.

Годишната програма за работа за 2014 година е насочена кон постигнување на целите кои се дефинирани во стратешкиот и оперативен план за периодот од 2012-2016 година и регулаторната рамка за електронски комуникации во Европската унија

Во насока на зголемување на транспарентноста во работењето на АЕК, а во согласност со член 105 од Законот за електронски комуникации, Годишната програмата за работа за 2014 година ќе биде ставена на јавна расправа во рок од 30 дена. На тој начин сите заинтересирани страни ќе можат да дадат предлози и коментари со што ќе можат да учествуваат во изработката на Годишната програма за работа.

АЕК е свесна за својата улога во процесот на приближување на Република Македонија кон Европската унија и ќе вложи максимален напор, во соработка со останатите чинители на пазарот на електронски комуникации, да ги исполни целите зададени во оваа програма за работа, со што ќе допринесе кон поскоро полноправно членство во Европската унија.

# АКТИВНОСТИ НА СТРУЧНИТЕ СЛУЖБИ

АЕК за исполнување на целите зададени со оваа програма за работа треба да исполни низа на активности поделени на следниве теми:

## РЕГУЛАТОРНАТА РАМКА

АЕК покрај спроведувањето на Законот за електронски комуникации подготвува и подзаконски акти кои служат за регулација на пазарот на електронски комуникациски услуги како и во обезбедување на негова конкурентност, а се со цел обезбедување на пазарен натпревар во понудата на овие услуги и раст и имплементација на модерната комуникациска опрема.

Обвска на АЕК е континуирано да ја следи имплементацијата на овие акти, да ги забележува сите неправилности и проблеми кои можат да се појават и активно да учествува во подобрување на регулативната рамка.

Согласно ова АЕК како обврски кои ќе ги спроведува во 2014 година согласно надлежности кои се во нејзин домен,  од аспект на регулативате се:

Имајќи ги во предвид измените на Законот за електронски комуникации АЕК во текот на 2014 година кое нешто се планира заради подобрување на конкурентната околина на пазарот за електронски комуникации во Република Македонија во соработка со секторот за телекомуникации се планира и измена и доработка на планот за нумерација; правилникот за доделување на броеви и серии на броеви; Правилникот за пресметување на надоместок за доделување на броеви и серии на броеви; Правилникот за преносливост на броеви; Правилникот за содржината и формата на нотификацијата; Правилникот за техничките, употребните и другите услови за одредени типови на електронски комуникациски мрежи и електронска комуникациска инфраструктура, придружни инфраструктурни капацитети и средства.

Воведување на измени и дополнувања на ИСО процедурите, а воедно и имплементирање на измените во законската регулатива што ја обработуваат материјата од областа на финансиите и сметководство и јавните набавки, сакајќи да се олесни совладувањето  на законските измени од областа на финансии сметководство и јавни набавки се планира учество во постапката за анализа на ИСО процедурите за финансиски прашања и јавни набавки и измена и дополнување на Правилникот за процедурите за финансиско и сметководствено работење на АЕК.

АЕК планира Анализа на малопродажен пазар за јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација за резиденцијални и деловни крајни корисници, Анализа на големопродажни пазари за преносни и терминирани сегменти на изнајмени линии, Анализа на големопродажен пазар за пристап и започнување на повик во јавна мобилна комуникациска мрежа, Анализа на малопродажен пазар за пристап до јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација за резиденцијални и деловни крајни корисници, Анализа на малопродажен пазар за јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација за резиденцијални и деловни крајни корисници, Анализа на големопродажни пазари за започнување и завршување на повици во јавна телефонска мрежа на фиксна локација како и транзитирање на повици во јавна фиксна телефонска мрежа, Анализа на големопродажен пазар за пристап и започнување на повик во јавна мобилна комуникациска мрежа и Анализа на големопродажен пазар за физички пристап до мрежна инфраструктура (целосен и поделен) и големопродажен пазар за услуги со широк опсег (broadband).

| Работна задача | временска рамка |
|---|---|
| Измена и доработка на планот за нумерација; | 2014 Q1, Q2, Q3 |
| Измена и доработка на правилникот за доделување на броеви и серии на броеви; | 2014 Q1, Q2, Q3 |
| Измена и доработка на правилникот за пресметување на надоместок за доделување на броеви и серии на броеви; | 2014 Q1, Q2, Q3 |
| Измена и доработка на правилникот за преносливост на броеви; правилникот за содржината и формата на нотификацијата; | 2014 Q1, Q2, Q3 |
| Измена и доработка на правилникот за техничките, употребните и другите услови за одредени типови на електронски комуникациски мрежи и електронска комуникациска инфраструктура, придружни инфраструктурни капацитети и средства | 2014 Q1, Q2, Q3 |
| Измена и доработка на правилникот за процедурите за финансиско и сметководствено работење на АЕК | 2014 Q3 |
| Анализа на малопродажен пазар за јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација за резиденцијални и деловни крајни корисници | Q3 и Q4/2014 Q1/2015 |
| Анализа на големопродажен пазар за пристап и започнување на повик во јавна мобилна комуникациска мрежа | Q3 и Q4/2014 Q1 и Q2 /2015 |
| Анализа на големопродажен пазар за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи | Q1 - Q3/2014 |

| | |
|---|---|
| Анализа на малопродажен пазар за јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација за резиденцијални и деловни крајни корисници | Q3 и Q4/2014<br>Q1/2015 |
| Анализа на големопродажни пазари за преносни и терминирани сегменти на изнајмени линии | Q1 и Q2/2015 |
| Анализа на големопродажен пазар за пристап и започнување на повик во јавна мобилна комуникациска мрежа | Q3 и Q4/2014<br>Q1 и Q2 /2015 |

Исто така АЕК континуирано ги извршува работните задачи во постапките за наплата на долг преку нотар, судски рочишта, извршна постапка, прекршочна постапка, постапки по жалби, постапка за посредување, подготовка на предупредувачки известувања за операторите и давателите на јавни електронски комуникациски услуги, решенија кои произлегуваат од примената на Законот за електронските комуникации и останати тековни работи.

## ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И УСЛУГИ, УПРАВУВАЊЕ СО НУМЕРАЦИСКИ РЕСУРСИ

За да обезбеди стабилна, интероперабилна и доверлива комуникациска структура АЕК треба да исполни низа на активности.

Во рамките на обезбедувањето на електронски мрежи и услуги, во текот на 2014 година, АЕК планира да ги извршува следниве активности:

- Обработка на новопристигнати нотификации, согласно член 28 од Законот за електронски комуникации (ЗЕК);
- Ажурирање на листата на нотифицирани субјекти што се води во Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) на сите нови нотифицирани оператори и даватели на јавни електронски комуникациски услуги, и бришење на операторите кои не започнале со работа на датумот наведен во нотификацијата, а не ја известиле АЕК за настанатата промена;
- Обработка на извештаи за квалитет на минималниот пакет на изнајмени линии;
- Обработка на извештаи за квалитет на јавни говорни услуги;
- Обработка на извештаи за квалитет на терминирани и завршни сегменти на изнајмени линии;
- Обработка на извештаи за квалитет на разврзан пристап на локална јамка (LLU);
- Ќе се спроведе инспекциски надзор на операторите во насока на проверка на Референтните понуди за битстрим и битстрим пристап и препродажба на битстрим услуга дали се усогласени со последната понуда која е објавена на нивната официјална веб страна;
- Ќе се спроведе инспекциски надзор на операторите во насока на проверка на Референтните понуди за интерконекција дали се усогласени со последната понуда која е објавена на нивната официјална веб страна.

Согласно ЗЕК, АЕК го подготвува и управува со Планот на нумерација со цел да обезбеди ефикасно структуирање и употреба на броевите и сериите броеви, да се задоволат потребите на операторите кои имаат право на доделување на броеви и да се обезбеди доделување и користење на броевите на праведен и недискриминирачки начин. АЕК има обврска на својата веб страница да ги објавува податоците за доделените броеви и серии на броеви, како и носителите на броеви и серии на броеви. На полето на нумерацијата, АЕК во 2014 ги планира следните активности:

- Обработка на барања и издавање на решенија за доделување и повлекување на броеви и серии на броеви од Планот за нумерација за јавните електронски комуникациски мрежи и услуги во Македонија;
- Обработка на извештаи за ефикасно користење на доделени броеви и серии на броеви;
- Следење на имплементацијата на преносливост на броевите што треба да ја обезбедат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги;

- Следење на Централната база на пренесени броеви и изготвување на компаративни прегледи и извештаи за пренесените броеви;
- Меѓународна координација на доделени меѓународни кодови за сигнализација во ITU.

Покрај овие активности АЕК предвидува и проекти со кои ќе се поттикне развојот на пазарот на електронски комуникациски услуги кои ќе бидат спроведени со следните работни задачи на АЕК и нивната предвидената динамика:

| Бр. | Работна задача | Квартал | Причини за работната задача | Активности за оваа работна задача | Цел која треба да се постигне |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Изменување и дополнување на Правилникот за техничките, употребните и другите услови за одредени типови на електронски комуникациски мрежи и електронска комуникациска инфраструктура, придружни инфраструктурни капацитети и средства | Q2, Q3 | Утврдено решение кое е реално возможно да се имплементира од страна на АЕК и од страна на операторите на електронски комуникациски мрежи | Предлог за измена на Правилникот | Усогласување на решение кое е реално возможно да се имплементира |
| 2 | Управување со електронскиот регистар на изградени јавни електронски комуникациски мрежи | Q1, Q2, Q3, Q4 | -зголемување на применливост на системот<br>-проверка на податоците во системот | Комуникација со единиците на локална самоуправа и операторите на електронски комуникациски мрежи | Ефикасна употреба на системот |
| 3 | Усогласување на Правилниците со новиот ЗЕК | Q1, Q2, Q3 | Нов ЗЕК | Изработка на:<br>-План за нумерација<br>-Правилник за доделување на броеви и серии на броеви<br>-Правилник за пресметување на надоместок за доделување на броеви и серии на броеви<br>-Правилник за преносливост на броеви<br>-Правилник за содржината | Усогласување на решенијата од Планот и Правилниците со одредбите од новиот ЗЕК |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | и формата на нотификацијата -Правилник за техничките, употребните и другите услови за одредени типови на електронски комуникациски мрежи и електронска комуникациска инфраструктура, придружни инфраструктурни капацитети и средства | |
| 4 | Јавна набавка за одржување на електронскиот регистар на изградени јавни електронски комуникациски мрежи | Q3, Q4 | Завршува досегашниот договор | Спроведување на постапка за јавна набавка за одржување на електронскиот регистар на изградени јавни електронски комуникациски мрежи | Ефикасна употреба на системот |

АЕК ќе учествува во работните групи на ITU и ECC и на конференциите на ESRI, ќе ги посетат регулаторните тела во соседството кои имплементирале систем за евиденција на телекомуникациска инфраструктура и ќе учествуваат на регионалните конференции за телекомуникациска инфраструктура.

## УНИВЕРЗАЛНА УСЛУГА

Согласно ЗЕК, АЕК во 2012 определи оператори и даватели на услуги за обезбедување на универзална услуга во делот на поврзување на крајниот корисник со јавна телефонска мрежа, обезбедување достапност на податоците од целосниот телефонски именик и телефонската служба за информации и обезбедување на разумен број на јавни телефонски говорници за задоволување на потребите на крајните корисници.

Согласно ЗЕК, АЕК го определува давателот на универзална услуга, цените и општите услови, квалитетот, надоместокот и финансирањето на универзалната услуга.

Определените оператори и даватели на услуга кои беа определени за обезбедување на универзална услуга, започнаа со работа во 2012. Заради тоа АЕК во 2014 како и во 2012 и во 2013 ќе има обврска да ги следи цените, општите услови и квалитетот на универзалната услуга. Како и во 2013 така и во 2014, АЕК ќе раководи и управува со средствата на фондот за универзална услуга и ќе врши наплата на надоместоци од операторите и/или давателите на комуникациски услуги на посебна сметка на име на фондот и ќе врши исплата на средства од фондот кон давателот на универзална услуга.

## ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ИЗГРАДБА НА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И ПРИДРУЖНИ СРЕДСТВА

Врз основа на член 23 став 12 и член 25 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање, АЕК издава согласност на идејни проекти за изградба на електронски комуникациски мрежи и придружни средства, а по барање на Министерството за транспорт и врски. Во текот на 2014 ќе се изготвуваат и издаваат согласности на идејни проекти.

## ИЗДАВАЊЕ НА МИСЛЕЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И ПРИДРУЖНИ СРЕДСТВА

Врз основа на член 50 став 12 од Законот за просторно и урбанистичко планирање-пречистен текст, АЕК издава мислење на урбанистички проект за изградба на електронски комуникациски мрежи и придружни средства, а по барање на Министерството за транспорт и врски. Во текот на 2014 ќе се изготвуваат и издаваат мислења на урбанистички проекти.

## АНАЛИЗА НА ПАЗАРОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ И РЕГУЛАЦИЈА НА ЦЕНИ

Агенцијата треба да обезбеди пристапна понуда на електронските комуникациски услуги на македонските корисници. Тоа значи дека треба да се воспостават цени кои се нудат од операторите и давателите на електронски услуги кои ќе бидат базирани на реалната вредност на чинење на таа услуга. Следејки ја стратегијата на АЕК и одлуките на АЕК, во 2013 година драстично ќе се намалат цените за терминација на повик во мобилна мрежа од сегашните 3 и 4 денари во различните мрежи на симетрична цена од 1,2 денари во сите мрежи. Исто така ќе се ревидираат цените на останатите регулирани услуги кои ги обезбедуваат операторите со значителна пазарна моќ во Република Македонија. Со цел поголема конкурентност и зголемена либерализација на пазарот на електронски комуникации Агенцијата во 2013 година во однос на регулација на цени ги планира следниве активности:

| Ред бр. | Активност | Опис на активноста | Временска рамка |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1** | Анализа на малопродажен пазар за јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација за резиденцијални и деловни крајни корисници | Последната Анализа на овој релевантен пазар е спроведена во 2010г | **Q3 и Q4/2014** Q1/2015 |
| **2** | Анализа на големопродажен пазар за пристап и започнување на повик во јавна мобилна комуникациска мрежа | Последната Анализа на овој релевантен пазар е спроведена во 2010г | **Q3 и Q4/2014** Q1 и Q2 /2015 |
| **3** | Анализа на големопродажен пазар за пристап до радиодифузни содржини за крајни корисници | Прва Анализа на овој релевантен пазар - треба да претрпи сериозно редефинирање на пазарот и услугите. | Q3 и Q4/2013 **Q1 и Q2 /2014 и Q1 2015** |
| **4** | Анализа на големопродажен пазар за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи | Последната Анализа на овој релевантен пазар е спроведена во 2010г и ревидиран извештај во 2012г | **Q1 - Q3/2014** |
| **5** | Анализа на пазарот за физички пристап до мрежна инфраструктура (целосен и поделен) | Последната Анализа на овој релевантен пазар е спроведена во 2011г | **Q2 - Q4/2014** |
| **6** | Испитување на јавното мислење на крајни корисници на пазарот на електронски комуникации во РМ | Редовно испитување што го спроведува АЕК | резиденцијални корисници во февруари а деловни во октомври |
| **7** | Прилагодување на BU LRIC+ моделот за ажурирање на цените базирани на трошок за изнајмени линии, физичка инфраструктура, неискористено оптичко влакно и битстрим преку "pure LRIC " | Ажурирање на моделот со нови инпути/ пресметка на цени/ревидирање на одлука доколку е потребно за наведените големопродажни услуги | **Q1 и Q4/2014** |
| **8** | Развој на BU LRIC+ модел за пренос на радио и тв содржини до крајни корисници преку дигитална платформа - ДВБ-Т оператор | Нов модел. Предвидено е да биде изработен модел за пресметка на трошоците за пристап до радиодифузни содржини за крајни корисници. Средствата се предвидени да се обезбедат со Финансискиот план на АЕК за 2014 и 2015 година. | **Q1 до Q4/2014** и Q1/2015 |
| **9** | Изработка на студија за пазарот на електронските комуникации | Студија-активност А3 од ИПА проектот | **Q3-Q4/2014** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **10** | Развој на пазарот - полугодишно издание во форма на економетриски/статистички документ кој ќе ги дава главните насоки за ревидирање на регулаторните мерки и регулаторната стратегија на АЕК | Економетриско/статистички извештај за пазарот клучни индикатори, предвидувања, пресметки итн (прв извештај во H1/2015). Средствата се предвидени да се обезбедат со Финансискиот план на АЕК за 2014 и 2015 година. | **Q1 и Q4/2014** и Q1/2015 |

## УПРАВУВАЊЕ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИСКИОТ СПЕКТАР

Радиофреквенцискиот спектар, како ограничен природен ресурс, е дел од националното богатство и суверенитет на секоја земја, а физичките својства на простирањето на радиобрановите условуваат планирањето и управувањето со спектарот да не се само национални, туку и меѓународни процеси. Ова наметнува потреба за воспоставување на ефикасен и еднообразен систем за планирање и управување со спектарот, применлив за сите земји во светот. Затоа меѓународната регулатива се утврдува на глобално, регионално и национално ниво.

Практично сите радиослужби кои имаат глобален карактер се регулираат единствено за сите земји на светот во рамките на Меѓународната унија за телекомуникации – ITU . Во согласност со нејзините препораки, скоро во сите земји во светот се формирани посебни служби надлежни за планирањето, управувањето и мониторингот на радиофреквенцискиот спектар.

Зголемените потреби за употреба на радиокомуникациските технологии, ја истакнуваат важноста за управување со спектарот, како на национално, така и на меѓународно ниво. Прогресот во развојот на технологијата секојдневно создава нови корисници на спектарот кој, сепак, е ограничен ресурс.

Согледувајќи ги можностите што ги нуди спектарот, за да се задоволат барањата на големиот број на различни корисници кои бараат пристап до него, ефективното управување со спектарот станува се покомплексно. Анализата станува се посложена и пообемна, не само поради големиот број на барања, туку и поради различноста на службите кои работат во ист или соседен опсег.

Врз основа на Законот за електронски комуникации и правилниците за регулирање на радиокомуникациите, АЕК ги извршува своите задолженија и обврски со:

- Издавање на одобренија за користење на радиофреквенции за сите видови на радиослужби по извршена детална анализа и пресметка,
- Пресметка на број на бодови за годишен надоместок за користење на радиофреквенции, според кои се генерира фактура,
- Издавање на мислења за за увоз на радио и телекомуникациска терминална опрема,

- Издавање на согласности на проекти за изградба на радиостаници,
- Анализи и насоки за услови за користење на радиофреквенции и радиофреквенциски опсези за нови радиокомуникациски системи и мрежи,
- Меѓународна координација на радиофреквенциски доделби,
- Пријава на доделби во меѓународниот регистар на користени фреквенции,
- Ажурирање на податоци во EFIS системот на CEPT,
- Дописи, мислења, ургенции, анализи, заедничка работа со други сектори и служби, комуникација со корисници, одговори на прашања од корисници и друго.

За 2014 година можат да се наведат конкретни задачи активности што ќе ги спроведе АЕК со временски распоред на извршување како што е дадено во следната табела:

| бр | Работна задача | Временска рамка | Причини за оваа работна задача | Активности предвидени со оваа работна задача | Цел која треба да се постигне |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Периодични анализи на зафатеноста на радиофреквенцискиот спектар и изготвување на предлог за спроведување на постапка за заинтересираност и постапка за јавен повик за доставување на барања за издавање одобрение за користење на радиофреквенции и спроведување на тендери | Q2, Q4 | Доделување на недоделени фреквенции | Доколку се надмине расположивоста на одреден опсег или пак доколку таквиот начин на издавање е пропишан со Планот за доделување и користење на радиофреквенции во РМ, потребна е подготовка на тендерска документација и спроведување на тендерската постапка | Ефикасно користење на радиофреквенцискиот спектар |
| 2. | Анализа и предлог за ревизија на Правилникот за начинот на пресметување на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции | Q3, Q4 | Во изминатиов период бројот на корисници на радиофреквенциски спектар е зголемен за неколку пати, а со тоа и приходите на Агенцијата за електронски комуникации | Имплементирање на измените во правилникот за начинот на пресметување на годишениот надоместок за користење на радиофреквенции, јавна расправа по истите и | Според финансискиот план на Агеницијата ќе се определи дали има потреба да се менува Пресметка на надоместокот согласно потребите на Агенцијата за електронски |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | усвојување на Правилникот | комуникации |
| 3. | Анализа и насоки за користење на МУХ 8 | Q3, Q4 | Дигитализација на терестријално телевизиско емитување | Активностите ќе бидат предвидени во согласност со Законот за електронски медиуми. | Ефикасно користење на спектарот. Создавање на услови за нов UHDTV стандард, или користење на дигитална дивиденда 2. |
| 4. | Следење на состојбата за развојот на дигитална звучна радиодифузија | Q1, Q2, Q3, Q4 | Дигитализација на звучна радиодифузија од II band | Следење и проучување на развојот на звучна радиодифузиј а, подготовки за репланирање на меѓународнио т План ГЕ84 во рамките на ЦЕПТи ITU . | Да се биде во чекор со останатите европски држави и навремено да се започне со подготовката на соодветна регулатива. |

## КОНТРОЛА И МОНИТОРИНГ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИ

Согласно законот за електронски комуникации и другите подзаконски акти кои произлегуваат од него, а и поради обезбедување на услови за ефикасно, рационално и униформно извршување на редовните работи и задачи во Секторот за контрола и мониторинг, со овој План за работа на Секторот за контрола и мониторинг на радиофреквенции за 2014,2015 и 2016 година се утврдуваат периоди и активности за вршење на следните работи:

- Вршење на редовна контрола на емисии на радиостаници и испитување на радиофреквенцискиот спектар;

  Под редовна контрола на емисии, се подразбира периодично проверување на карактеристичните параметри на дадена емисија, работните карактеристики и локација на радиостаниците. Со оваа активност се опфатени сите радиостаници со одобрение за користење на радиофреквенции и на откриени радиостаници без Одобрение за користење на радиофреквенции. Со наведената контрола се извршува и надзор над примената на ЗЕК, прописите донесени врз основа на ЗЕК и меѓународните прописи и договори во областа на радиокомуникациите. Испитувањето на спектарот, во смисла на овој план, е периодично мерење и регистрирање на емисии во спектарот кои се примаат на територијата на Република Македонија. Испитувањето се врши поради утврдување на зафатеноста во спектарот за потребите на планирањето и доделувањето на фреквенции на нови станици, служби и мрежи, за заштита на фреквенции кои се веќе доделени на станици во Македонија и за потреби од координација на фреквенциите со соседни и други земји.
- Решавање на пречки по приговор;

  Предност над сите други активности има истражување на штетни пречки во сите служби, посебено за Службата за воздухопловна радионавигација и воздухопловна мобилна служба и другите служби поврзани со безбедноста на луѓе и материјални добра
- Контрола на радиостаниците во однос на усогласеност со Одобренијата за користење на радиофреквенции
- Вршење на мерење за потребите за планирање на РФ спектарот
- Мерење на нејонизирачко зрачење
- Мерење на задолжителните вредности за квалитет на јавни комуникациски услуги- (во зависност од развојот на мрежата)
- Давање на техничка асистенција на другите сектори, а поврзана со проблематиката која се работи во Секторот за контрола и мониторинг

- Унапредување на техничките можности на системот за контрола и мониторинг

Според овие активности временската рамка за нивно извршување би се изведувала на следниот начин:

| Р.бр | Работна задача | Временска рамка | Причини за оваа работна задача | Активности предвидени со оваа работна задача | Цел која треба да се постигне |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Мониторинг од фиксни мониторинг станици (до 3GHz) | Q1-Q4 | Утврдување на зафатеноста на радиофреквентниот спектар, со посебен акцент на развојот на DVB-T мрежата, проверка на усогласеноста на радиостаниците со Одобрението за користење на радиофреквенции, откривање на нелегални радиостаници, мерења по барање од секторот за радиокомуникации | Проверка во базата за издадени одобренија и мерни резултати, споредба на мерените параметри на дадена емисија со параметрите дадени во Одобрението, лоцирање на нелегални станици | Точни и ажурирани податоци за потребите на Секторот за радиокомуникации за планирање и доделување на радиофреквенции, спречување и решавање на пречки, елиминирање на појава на нелегални радиостаници |
| **2** | Мониторинг со мобилна станица (до 40GHz) | Q2-Q3 | На места каде што нема добро покривање со фиксните мониторинг станици или да се добие подобра слика за зафатеноста на радиофреквентниот спектар на одредена територија. Утврдување на зафатеноста на радиофреквентниот спектар, со посебен акцент на развојот на DVB-T мрежата, проверка на | Проверка во базата за издадени одобренија и мерни резултати, споредба на мерените параметри на дадена емисија со параметрите дадени во Одобрението, лоцирање на нелегални станици, подготовка на извештаи | Точни и ажурирани податоци за потребите на Секторот за радиокомуникации за планирање и доделување на радиофреквенции, спречување и решавање на на пречки, елиминирање на појава на нелегални радиостаници и на места каде што нема покривање со фиксните |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | усогласеноста на радиостаниците со Одобрението за користење на радиофреквенции , откривање на нелегални радиостаници, | | станици или со RF сензорите |
| **3** | Мониторинг со портабл, мобилни станици, фиксни станици | Q1-Q4 | Решавање на пречки, откривање на нелегални радиостаници, по барање од секторот за радиокомуникации. На места кои се нодостапни за мобилната мониторинг станица. | Проверка во базата за издадени одобренија и мерни резултати, споредба на мерените параметри на дадена емисија со параметрите дадени во Одобрението, лоцирање на нелегални станици, подготовка на извештаи | спречување и решавање на пречки, елиминирање на појава на нелегални радиостаници |
| **4** | Мерење на нејонизирачко зрачење | Q2-Q3 | Одредување на заштитна зона околу предавателот на радиостаницата, по барање од крајни корисници. Добивање на информација за нивото на електромагнетно зрачење | Планирани активности за мерење на нејонизирачко зрачење | Одредување на заштитна зона околу предавателот на радиостаницата и заштита на општата јавност од прекумерно електромагнетно зрачење. Добивање на информација за нивото на елктромагнетно зрачење |
| **5** | Мерење на нејонизирачко зрачење по приговор | Q1-Q4 | Одредување на заштитна зона околу предавателот на радиостаницата, по барање од крајни корисници | | Одредување на заштитна зона околу предавателот на радиостаницата и заштита на општата јавност од прекумерно |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | електромагнетно зрачење. Добивање на информација за нивото на елктромагнетно зрачење |
| | Мерење на задолжителните вредности на параметри на квалитет на јавни комуникациски услуги и DVB-T мрежите 1.Редовни мерења 2.Мерења по приговор | Q1-Q4 | Редовна контрола на параметрите на квалитет по претходно дефинирани рути низ државата. Мерење кои би се извршиле по барање на Секторот за ТИГКИН | | Утврдување на покриеноста на јавните мрежи за мобилна комуникација и DVB-T мрежите. Помош при извршувањето на инспекцискиот надзор, заштита на крајните корисници |
| **6** | Асистенција при инспекциски надзор | Q1-Q4 | Инспекциски надзор на радиокомуникациска опрема | Асистенција при составување на записник, запечатување, одземање на опрема, мерење на радиофреквенции. Мерење на задолжителните вредности на параметри на квалитет на јавни комуникациски услуги | Брзо и квалитетно извршување на инспекцискиот надзор од техничка страна |
| **7** | Контрола на антенските столбови во АЕК, технички прегледи на опремата во далечинските станици | Q2-Q3 | Обезбедување на сигурност на антенските столбови и нормално функционирање на опремата | Посета на антенските столбови и далечинските станици. | Непречено функционирање на антенските столбови и опремата |

## ГРИЖА ЗА КОРИСНИЦИ И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Годишниот план за работа би се одвивал во насока на посетување и извршување на инспекциски надзор над сите субјекти кои користат радиофреквенции и давател и на јавни комуникациски мрежи/услуги. Секој субјект би бил посетен најмалку еднаш годишно од страна на инспектор. Инспекцискиот надзор би се спроведувал плански во одреден временски период со посета на субјекти кои работат во иста служба (на пример копнено мобилна, фиксна, радиодифузна служба, даватели на јавни комуникациски мрежи/услуги). При инспекциските надзори неопходна е соработката од Секторот за контрола и мониторинг на радиофреквенции заради целосна контрола над соодветниот субјект, како и со Секторите за анализа на пазар, Сектор за радиокомуникации, Сектор за телекомуникации и останатите сектори при Агенцијата за електронски комуникации.

Годишниот план е така направен да остава простор за непланирани активности на инспекторите, а кои би биле приоритет во тој период. Станува збор за постапување при пријава на пречка во радиокомуникациите, санкционирање на нелегална радиостаница или постапување по предмети кои произлегуваат од другите сектори при Агенцијата за електронски комуникации (проверка на навремена достава на квартални извештаи, годишен финансиски извештај, проверка на работа на субјекти на кои им се отповикани Одобренијата за користење на радиофреквенции).

Во текот на целиот период од календарската година, перманентно ќе се извршуваат инспекциските надзори по приговори на корисници.

Инспекцијата дел од своите вкупни ресурси, повремено ќе троши и во постапување по судски барања за спроведување на постапка на посредување, како и спроведување на постапка за посредување по барање на Сектор за анализа на пазар и Правен Сектор при АЕК, како новина во измените на ЗЕК.

Инспекцијата дел од своите вкупни ресурси, повремено ќе троши во постапувања по Барање за асистенција на координативното тело за авторски права, како и по Барање за инспекциски надзор во рамките на Координативното тело за надзор на пазар.

Инспекцијата дел од своите вкупни ресурси ќе троши во постапувања по пријави за пречки од операторите и давателите на услуги, како и од корисници на радиофреквенции такси компании, Агенција за цивилна воздушна пловидба и др.субјекти.

АЕК ќе продолжи да партиципира и да учествува во работните групи и состаноците при CEPT (ADCO R&TTE).

АЕК ќе продолжи да партиципира и активно да учествува во меѓу-регулаторни работилници и состаноци со цел пренесување на добрите пракси со останатите земји.

АЕК ќе користи и советодавни институции како дел од меѓународна соработка, заради обезбедување на најдобри меѓународни практики и истите ќе настојува да ги имплементира во секојдневните работни активности.

При Агенцијата за електронски комуникации нотифицирани се даватели на јавни комуникациски мрежи/услуги. Годишниот план предвидува вршење на редовен инспекциски надзор над секој од овие субјекти еднаш годишно во период од три месеци, при што е оставена можност за повторен инспекциски надзор заради пронајдена неправилност во работењето. Доколку се јави потреба вонредно ќе се постапува во координација со Секторот за анализа на пазар и Секторот за телекомуникации врз основа на соодветно доставен список на субјекти врз кои е потребно да се изврши инспекциски надзор.

При анализата на субјектите кои работат со соодветно Одобрение за користење на радиофреквенции и субјектите кои се нотифицирани за давање на јавни комуникациски мрежи/услуги се добиени следните податоци:

- во опсегот (146 –174) MHz и (440-470) MHz со соодветно Одобрение за користење на радиофреквенции работат функциални системи. Инспекцискиот надзор би го вршеле по два инспектори од трите Контролно - мерни центри, два пати во тековната година во траење од по три месеци со што секој субјект би бил проверен дали исправно функционира. Доколку се пронајде неправилност во работењето, секој инспектор ќе го повтори инспекцискиот надзор, заради проверка дали неправилноста е отстранета и затворање на предметот.
- Во опсегот (87.5-108) MHz со соодветно Одобрение за користење на радиофреквенции функционираат ВС станици. Предвиден е инспекциски надзор над секој од овие субјекти барем еднаш годишно во период од три месеци. Секоја пронајдена неправилност повлекува повторен инспекциски надзор се до затворање на предметот.

При извршувањето на инспекциските надзори секогаш приоритет ќе се даде на навременото, но и квалитетно завршување на работните задачи во согласност со годишниот план.

Со исполнувањето на овој редовен годишен план, како и извршувањето на приоритетни задачи во даден временски период, работата на Агенцијата за електронски комуникации би било во насока на правилно функционирање на сите субјекти на електронскиот комуникациски пазар на територија на Република Македонија, во согласност со Законот за електронски комуникации.

Според надлежностите од Законот за електронски комуникации АЕК ќе има активности во однос на решавањето на приговори од страна на корисниците на електронски комуникациски услуги, одобрување на стандардните претплатнички договори и администрирање на веб порталот www.komuniciraj.mk кој се користи од страна на корисниците во Република Македонија.

## СОРАБОТКА СО ДРУГИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ТЕЛА

Според член 21 од Законот за електронски комуникации АЕК е обврзува да соработува со други државни органи и тела по прашања кои се во врска со електроските комуникации. Агенцијата треба да соработува со Комисијата за заштита на конкуренција за прашања што се однесуваат на вршење на нивните надлежности, како на пример анализа на релевантните пазари. Во постапка за доделување на радиофреквенции за вршење на радиодифузна дејност, АЕК треба да соработува со Советот за радиодифузија. По прашања од заеднички интерес Агенцијата за електронски комуникации и во 2013 година планира да остварува континуирана соработка со релевантни органи и институции, а особено со:

- Комисијата за заштита на конкуренцијата;
- Советот за радиодифузија на Република Македонија;
- Министерството за транспорт и врски;
- Македонскиот институт за стандардизација;
- Здружението за заштита на потрошувачи;
- Народна банка на Република Македонија;
- Министерство за економија;
- Министерство за внатрешни работи;
- Централен регистар на Република Македонија;
- Царинска управа на Република Македонија;
- Центар за управување со кризи;
- Министерство за финансии;
- Завод за статистика на Република Македонија;
- Државен пазарен инспекторат и други органи и тела на Република Македонија.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Агенцијата, како и досега, и во 2013 година ќе настојува што попрофесионално, транспарентно и ефикасно да ги извршува работите од својата надлежност утврдени со закон, со цел да придонесе за што поголем развој, либерализација и конкуренција на пазарот во областа на електронските комуникации, задоволување на потребите за комуникациски услуги, заштита на интересите на корисниците, ефикасно користење на радиофреквенцискиот спектар и нумерацијата и унапредување на инвестициите во електронските комуникации со воведување на нови технолгии и услуги, со што треба да се придонесе за поттикнување на развојот на целокупната економија во Република Македонија.

Во 2014 година Агенцијата, според Законот за електронски комуникации, ќе организира две јавни расправи на кои ќе бидат поканети сите заинтересирани страни со кои ќе се разговара за работата на Агенција и ќе се даваат предлози и забелешки за понатамошна работа.

Во правец на исполнување на своите надлежности, утврдени со закон, за транспарентност и недискриминација во регулаторните процеси, а особено за заштита

на интересите на корисниците на јавни електронски комуникациски услуги, АЕК во согласност со член 105 од Законот за електронски комуникации Годишната програма за работа за 2014 година ја објавува на јавна расправа во траење од 30 дена со цел сите заинтересирани страни да бидат вклучени во нејзината изработка со коментари, сугестии и забелешки.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА АГЕНЦИЈАТА

Програмата за работа на АЕК се темели на активностите што се во делокругот на работењето на АЕК согласно Законот за електронски комуникации, како и визија на вработените за идни активности во насока АЕК да прерасне во најквалитетен регулатор за електронски комуникации не само во регионот туку и во рамки на Европскиот континент и  стандард и основен извор на независни, стручни, навремени и квалитетни информации наменети за корисниците на електронски комуникациски услуги во Република Македонија – граѓаните, како и на операторите на мрежи и давателите на услуги - оператори.

### е-Агенција

Проект од 2012 година, целосно имплементиран во 2013 година. Со поставувањето на порталот е-Агенција (www.e-agencija.aek.mk), сите услуги на АЕК наменети за операторите, фирмите и граѓаните се достапни во електронски облик. Основни придобивки од овој проект се:

- Следливост и мерливост на квалитетот на услугите
- Поедноставена и побрза постапка за сите услуги на АЕК
- Целосно електронско работење во АЕК
- Едно-шалтерски ситем преку порталот e-agencija.aek.mk
- 24x7 виртуелно/електронско работно време на АЕК

### opendata.aek.mk

Цел на овие проектни активнсоти е воспоставување на нов динамички портал на АЕК наменет за структуиран начин на објава на податоците од регистрите што АЕК ги објавува тековнона порталот aek.mk. Резултат од воспоставувањето на овој портал би бил слободен пристап до овие информации и развој на нови иновативни мобилни и веб апликации од страна на заинтересианите софтверски компании во Република Македонија, како и слободен пристап до овие информации за институциите во државата на кои истите им се потребни.

### Споредба на тарифи

Оваа активност претставува надоградба на постојната услуга за Преглед на понуди на komuniciraj.mk. Цел на проектот е поедноставување на начинот на презентација и пребарување по информациите за тарифи што се објавуваат во делот Преглед на понуди.

## Инфраструктурни инвестиции

